Известување за концентрација со која фичичкото лице Ерџан Сулкоски државјанин на Република Северна Македонија стекнува контрола над Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје

(предмет бр. 08-87/2025)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 16.05.2025 година, а дополнето на 05.06.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која фичичкото лице Ерџан Сулкоски државјанин на Република Северна Македонија стекнува контрола над Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје со седиште на ул. Даме Груев бр. 16 Скопје.

Концентрацијата е спроведена во 2022 година

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**фичичкото лице Ерџан Сулкоски** е единствен сопственик на Друштво за производство, трговија и услуги ПАЦИФИК ПЕТРОЛЕУМ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со седиште на Ул.Дане Крапчев бр.12 Скопје. ПАЦИФИК ПЕТРОЛЕУМ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје е со претежна дејност товарен транспорт и истото поседува Лиценца за вршење на јавен превоз на стоки и Одобрение за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај, при што истото врши превоз на опасни материи: Еуросупер БС – 95, Еуросупер БС -98, еуродизел БС (Д-Е V), Екстра лесно 1 (ел-1) и ТНГ (течен нафтен гас).

**Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје** врши трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и тоа трговија на големо со Мазут (М-1).

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.06.2025 година
Скопје